СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. Огласи по тарифата. — Текукја сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 101-900880. — Текукја сметка на Продавното одделение 101-676880.

Четврток, 1 ... БЕЛГРАД

БРОЈ 11 ГОД. VII

... — Претплата ... 350.— динари, а ...странство 600,— динари. Редакција: Бранкова улица бр. 18—20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276 Продавно одделение 22-619, Сметководство 27-595, Експедиција 21-251.

120.

УКАЗ

Врз основа на членот 74, точката 6 од Уставот, а во врска со членот 4 точка 9 од Законот за Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ го прогласува Уводниот закон за Кривичниот законик што го донесоа Сојузното веќе и Веќето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ на своите седници на 27 февруари 1951 година, а кој што гласи:

УВОДЕН ЗАКОН ЗА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

ЦЕЛТА НА УВОДНИОТ ЗАКОН

Член 1

Овој закон има за цел да го спроведе во живот Кривичниот законик усвоен на третото редовно заседание на Народната скупштина на ФНРЈ (од второто свикување) на 27 февруари 1951 година, да ги согласи со неговите одредби кривично-правните одредби од законите што постоат и да го обезбеди применувањето на поблагиот закон над сторителите на кривични дела.

I. ВЛЕГУВАЊЕТО ВО СИЛА НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 2

Кривичниот законик влегува во сила на 1 јули 1951 година.

Член 3

Одредбата на ставот 3 на членот 61 од Кривичниот законик важи од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

(1) Одредбите на членовите 64—79 од Кривичниот законик важат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Казните што се изречени на постари и помлади малолетници до денот на влегувањето во сила на овој закон во траење подолго одошто би можеле да се изречат по одредбите од Кривичниот законик или во случаите во кои по тој законик не би можеле да се изречат, ке се намалат односно ке се заменат со воспитно-поправителни мерки според одредбите од Кривичниот законик. Замената на казните со воспитно-поправителни мерки ке се спроведе до денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик.

Член 5

Од денот кога ке го изгласа Народната скупштина на ФНРЈ овој закон не можат веќе да се изречуваат овие казни: поправителна работа, губиток на државјанството, губиток правото на носење почесно звание, орден и одликување, правото на државна или друга јавна служба, правото на пензија и родителското право, губиток на чинот, протеруање од местото на живеење и поправање на штетата.

Член 6

До денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик судот наместо казната поправителна работа ке ја изречува казната лишение од слобода која не може да биде поголема од една третина од највисоката пропишана мера за казната поправителна работа, ниту помала од еден ден лишение од слобода.

Член 7

До денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик казната губиток на граѓанските права може да се изречува само со казната лишение од слобода со присилна работа подолга од две години и го опфаќа губитокот на избирачкото право, правото на здобивање и вршење изборни функции во општествените организации и здруженијата и правото на јавно истапување.

Член 8

До денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик казната трајна забрана да се работи определено занимање може да се изрече само при осуда на казната лишение од слобода со присилна работа, и тоа ако оваа не е помала од три години.

Член 9

Со оглед на одредбата на членот 90 ставот 2 од Кривичниот законик, од денот на неговото влегување во сила, за кривичните дела сторени после 6 април 1941, за кои што би требало да се суди врз основа на Законот за неважноста на правните прописи донесени пред 6 април 1941 и за време на непријателска окупација („Службен лист на ФНРЈ" бр. 86/46), се суди по одредбите на Кривичниот законик.

Член 10

Од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик одредбите на членовите 80 и 82 од Кривичниот законик важат за застареноста на кривичното гонење односно на извршувањето на казната и кога е сторено кривичното дело или е изречена пресудата пред да влезе во сила Кривичниот законик, доколку веќе не настапила застареноста.

Член 11

(1) Од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик одредбите на членовите 87—89 од Кривичниот законик важат и во однос на лицата што се осудени правносилно пред да влезе во сила Кривичниот законик, доколку веќе не настапила рехабилитација.

(2) Што се однесува до рехабилитацијата на лицата што се осудени правносилно пред да влезе во сила Кривичниот законик на казна поправителна работа или на казна конфискација на имотот, губиток на граѓанските права, губиток на чинот, забрана да се работи определено занимање, протеруање и поправање на штетата, како главна казна, ке се примени одредбата на членот 88 ставот 2 од Кривичниот законик.

(3) Што се однесува до рехабилитацијата на лицата што се осудени по прописите донесени пред 6 април 1941 ке се применат аналогно одредбите на членовите 87—89 од Кривичниот законик.

II. ОДРЕДБИ ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ КАЗНИ

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик правносилно изречената казна лишение од слобода со присилна работа станува казна строг затвор во исто траење, а правносилно изречената казна лишение од слобода станува казна затвор во исто траење.

Член 13

Казната поправителна работа што е изречена правносилно до денот на влегувањето во сила на овој закон, ако не е издржана се претвора во казна лишение од слобода, и тоа така што еден ден лишение, од слобода да се смета за три дена поправителна работа.

Член 14

(1) Со денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик правносилно изречената казна губиток на граѓанските права, која го опфаќа губитокот на избирачкото право, правото на здобивање и вршење функции во општествените организации и здруженијата и правото на јавно истапување, станува казна ограничение на граѓанските права.

(2) Лицето што е осудено на губиток на правото на пензија или губиток на родителското право може да бара да му се признае правото на пензија односно родителското право, ако има за тоа услови по Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, односно по Основниот закон за односите на родителите и децата. Постапката за признавање на овие права се води пред органот што е надлежен да одлучува за одземање правото на пензија односно за лишување на родителското право.

Член 15

Казната трајна забрана да се работи определено занимање што е изречена правносилно при осуда на казната лишение од слобода со присилна работа помала од три години или некоја поблага казна, се заменува со казната временска забрана да се работи определено занимање во траење од пет години.

Член 16

Казната протерување од местото на живеењето што е изречена правносилно до денот на влегувањето во сила на овој закон, нема веќе да се извршува.

Член 17

Казните губиток на државјанството, губиток на чинот и поправање на штетата, што се изречени правносилно до денот на влегувањето во сила на овој закон, ке се извршат.

III. УКИНУВАЊЕ НА КРИВИЧНО-ПРАВНИТЕ ПРОПИСИ ШТО ПОСТОАТ

Член 18

Со влегувањето во сила на Кривичниот законик се укинуваат следните закони:

1) Кривичниот законик — Општ дел, од 4/XII-1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 106/47);

2) Законот за забрана да се предизвикува национална, расна и верска омраза и раздор, од 11-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/46);

3) Законот за сузбивање недопуштената трговија, недолуштената шпекулација и стопанската саботажа, од 11-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/46);

4) Законот за кривичните дела против народот и државата од 16-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 59/46) со дополнувањата, од 4-XII-1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 106/47), осем членот 3а;

5) Законот за кривичните дела против опшгонародниот имот и имотот на задружните и други општествени организации, од 11-X-1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 87/48);

6) Законот за кривичните дела против службената должност, од 12-X-1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 88/48);

7) Законот за воените кривични дела, од 1-XII-1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 107/48).

Член 19

Со влегувањето во сила на Кривичниот законик се укинуваат следните кривично-правни одредби што се содржани во поодделни закони:

1) Членовите 36, 37 и 38 од Законот за воената обврска на државјаните на Федеративна Народна Република Југославија, од 1-IV-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 28/46);

2) Членот 46 од Законот за државните матични книги од 1-IV-1946 („Службен лист на ФНРЈ" број 29/46) со изменувањата и дополнувањата од 5-I-1949 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 4/49);

3) Членовите 87, 88 и 89 од Основниот закон за бракот, од 3-IV-1946 („Службен лист на ФНРЈ" број 29/46);

4) Членот 18 од Законот за заштита на авторското право, од 25-V-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/46), а членот 19 од истиот закон само доколку се однесува до надлежноста на судот за суденье по кривичните дела од ставот 1 на членот 18 од истиот закон;

5) Членовите 27, 28 и 29 од Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија, од 21-VI-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/46);

6) Членовите 6 и 7 од Законот за изработка на штамбили, печати и жигови, од 5-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 55/46);

7) Членот 19 од Законот за печатот, од 8-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/46);

8) Членот 26 од Законот за избирачките списоци, од 17-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 58/46);

9) Членот 34 и членот 36 втората реченица од Основниот закон за задругите, од 18-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 59/46);

10) Членовите 27, 28 и 29 од Законот за конфискација на имотот и за извршувањето на конфискацијата, од 27-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" број 61/46);

11) Членот 32 ставот 3 и 4 од Основниот закон за државните стопански претпријатија, од 24-VII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 62/46);

12) Членот 13 ставот 3 и 4 и членот 14 од Законот за постапување со имотот што морале сопствениците да го напуштат во текот на окупацијата и со имотот што им е одземен од страна на окупаторот и неговите помагачи, од 2-VIII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 64/46);

13) Членовите 13, 14, 15, 16 и 17 од Законот за таксите, од 19-VIII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 68/46);

14) Членовите 9, 10 и 10а од Законот за задолжителна служба на медицинскиот персонал, од 9-X-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 82/46) се изменувањата и дополнувањата од 5-I-1949 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 3/49);

15) Членот 34 ставот 2 од Законот за едпообразното сметководство, од 20-XI-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 94/46), а членот 36 ставот 1 од истиот закон само доколку се однесува до судската надлежност;

16) Членовите 66, 67 и 68 од Законот за адвокатурата, од 12-XII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 102/46);

17) Членовите 40 и 44 од Законот за даноците, од 26-XII-1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 105/46);

18) Членовите 26 и 30 од Општиот закон за заштита на шумите од пожар, од 1-IV-1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 29/47);

19) Членот 19 од Општиот закон за ловот, од 3-XII-1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 105/47);

20) Членот 41 и членот 44 ставот 1 од Општиот закон за шумите, од 3-XII-1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 106/47), а членот 45 од истиот закон само доколку се однесува до судската надлежност;

21) Членот 25 ставот 2 од Општиот закон за спречување и отклонување на заразните болести, од 30-IV-1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 37/48);

22) Членовите 97 и 98 од Законот за пронајдоците и техничките усовршувања, од 1-XII-1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 108/48);

23) Членот 110—117 од Основниот закон за земјоделските задруги, од 6-VI-1949 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 49/49);

24) Членовите 82 и 84 од Законот за избирање народни пратеници за Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузното веќе и Веќето на народите), од 21-I-1950 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 6/50), а членот 85 од истиот закон само доколку се однесува до судската надлежност;

25) Членовите 126 и 127 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, од 21-I-1950 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 10/50);

26) Членот 26 од Општиот закон за морскиот риболов, од 23-I-1950 („Службен лист на ФНРЈ" број 12/50);

27) Членовите 16, 17, 18 и 19 од Законот за опојните дроги, од 23-I-1950 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 16/50);

28) Членот 36 од Законот за оповикување народните пратеници на Народната скупштина на ФНРЈ (Сојузното веќе и Веќето на народите), од 2-VII-1950 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 43/50), а членот 38 од истиот закон само доколку се однесува до судската надлежност.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик се укинуваат во прописите што постоат сите одредби со кои определени дела се предвидуваат како прекршоци, ако таквите дела се определени како кривични дела во Кривичниот законик.

Член 21

Кривично-правните одредби што се содржани во законите на народните републики, доколку се во спротивниот со одредбите од Кривичниот законик, престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик.

IV. ИЗМЕНУВАЊА НА КРИВИЧНО-ПРАВНИТЕ ОДРЕДБИ ВО ЗАКОНИТЕ ШТО ПОСТОАТ

Член 22

(1) Во кривично-правните одредби што се содржани во поодделни закони се чинат овие изменувања:

1) Во Законот за државните матични книги, од 1 април 1948

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 29/46)

Членот 50 се менува и гласи:

„Одговорното лице кое не ги пази на прописан начин матичните книги од членот 48 од овој закон што му се поверени, или што ќе одкаже да издаде извод од нив, или не му ги даде на државниот матичар на располагање,

ќе се казни со парична казна до 10.000 динари или со затвор до шест месеци".

2) Во Законот за печатот, од 8 јули 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/46)

Членот 22 се менува и гласи:

„За кривични дела против честа и угледот што се сторени преку печатот одговорното лице ќе се казни по членот 169—172 од Кривичниот законик.

Тужителот има покрај тоа право на накнада на штетата".

3) Во Општиот закон за заштита на спомениците на културата и природните реткости, од 4 октоври 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 81/46)

Членот 18 се менува и гласи:

„Тој што ќе постапи противно на одредбите од членовите 5, 6, 7, 12 и 14 од овој закон,

ќе се казни со парична казна или со затвор до две години".

4) Во Законот за задолжителна служба на медицинскиот персонал, од 9 октоври 1946 со изменувањата и дополнувањата од 5 јануари 1949

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 82/46 и 3/49)

Членот 8 се менува и гласи:

„Лицето што подлежува на задолжителна служба по овој закон ќе се казни со затвор до една година:

1) ако не се одзове на позив за задолжителна служба;

2) ако превземе некакво дејствие со цел да го избегне вршењето на својата задолжителна служба;

3) ако без одобрение од надлежниот старешина ја напушти должноста или не ја исполнува определената должност."

5) Во Законот за кривичните дела против народот и државата, од 16 јули 1946 со дополнувањата од 4 декември 1947

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 59/46 и бр. 106/47)

Членот 3а се менува и гласи:

„Тој што до денот на капитулацијата на југословенската влада 1941 година, користејќи го своето раководно место во државниот апарат или инаку своето влијателно место, за да се одржи ненародниот и противдемократскиот строј или да шири фашистички идеи, извршил дејствие што ја слабило одбранбената сила на земјата, поради што биле загрозени независноста и националната слобода на народите на Југославија, како и оној што за иста цел служејќи на државниот апарат како службеник или во друго својство, наредувал, спроводел или вршел убиства, мачења, малтретирања или други насилби и прогони на граѓаните,

ќе се казни со строг затвор најмалку три години или со смртна казна.

При осуда на казна потешка од пет години строг затвор судот може сторителот на делото од ставот 1 од овој член да го казни со конфискација на имотот."

6) Во Законот за пронајдоците и техничките усовршувања, од 1 декември 1948

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 108/48)

Членот 96 се менува и гласи:

„Пронајдувач, новатор или рационализатор што ќе ја повреди тајната на пронајдокот или на техничкото усовршување, ако пронајдокот или усовршувањето се прогласени за поверливи, или ако по својата природа имаат поверлив карактер,

ќе се казни со затвор најмалку три месеци.

Државјанин на Федеративна Народна Република Југославија кој во странство патентира или остварува пронајдок без одобрение од надлежниот државен орган на Федеративна Народна Република Југославија,

ќе се казни со затвор најмалку шест месеци."

7) Во Законот за избирање народни пратеници за Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузното веќе и Веќето на народите), од 21 јануари 1950

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 6/50)

Членот 81 се менува и гласи:

„Со парична казна или со затвор до една година ке се казни:

1) тој што со поткуп влијае на избирач да не гласа или да гласа по туѓа волја, или да потпише кандидатура односно кандидатска листа, или да се откаже од потписот;

2) избирач кој при изборот гласа повеќе од еднаш за избирање на народен пратеник на Сојузното веќе односно на Веќето на народите, или се опита да гласа повеќе од еднаш;

3) избирач кој при избирањето гласа или се опита да гласа наместо друго лице под негово име;

4) тој што на каков и да било начин ја повреди тајноста на гласањето;

5) тој што ке го нападне избирачкиот одбор, изборната комисија или некого од нивните членови или претставник на кандидатот односно на кандидатската листа, или на каков и да било друг начин го пречи работењето на избирачкиот одбор или на изборната комисија;

6) тој што ке дојде на избиралиште под оружје или со некакво опасно орудие, како и тој што без повик од претседателот на избирачкиот одбор нареди да се доведе оружана сила на избиралиште, или да ја доведе без негова наредба;

7) тој што ке уништи, сокрие, оштети или однесе некаков документ за изборите или каков и да било предмет што служи за изборите, или го измени бројот на гласовите со додавање, одземање или на каков и да било друг начин, или неовластено ја преправи кандидатурата односно кандидатската листа откога веќе ја потпишале подносителите."

8) Во Општиот закон за државните архиви, од 23 јануари 1950

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 12/50)

Членот 10 се менува и гласи:

„Тој што ке уништи, сокрива или оштети историско-архивски материјал, или го изнесе во странство без претходно одобрение од надлежниот државен орган,

ке се казни со затвор или со строг затвор до пет години."

9) Во Законот за оповикување на народните пратеници на Народната скупштина на ФНРЈ (Сојузното веќе и Веќето на народите), од 2 јули 1950

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 43/50)

Членот 35 се менува и гласи:

„Со парична казна или со затвор до една година ке се казни:

1) тој што со поткуп влијае на избирачот да гласа за оповикување односно против оповикувањето или да потпише предлог за оповикување односно да се откаже од даденот потпис;

2) избирачот кој повеќе од еднаш гласа или се опита да гласа при гласањето за оповикување на некој народен пратеник;

3) избирач кој при гласањето за оповикување на некој народен пратеник гласа или се опита да гласа наместо друго лице под негово име;

4) тој што на каков и да било начин ја повреди тајноста на гласањето;

5) тој што ке го нападне избирачкиот одбор, изборната комисија или некого од нивните членови, или претставникот на народниот пратеник за чие што оповикување се гласа или на каков и да било друг начин ја пречи работата на избирачкиот одбор или на изборната комисија;

6) тој што ке дојде на избиралиште под оружје или со некакво опасно орудие како и тој што без покана од претседателот на избирачкиот одбор нареди да се доведе оружана сила на избиралиштето или ја доведе без негова наредба;

7) тој што ке уништи, сокрие, оштети или земе некаков документ за гласањето или макар каков предмет што служи за гласањето, или го измени бројот на гласовите со додавање, одземање или на друг начин, или неовластено го преправи предлогот за гласањето за оповикувањето или некаков друг документ во врска со гласањето за оповикувањето."

(2) Одредбите од ставот 1 на овој член важат од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик.

Член 23

(1) Кривичните дела определени во поодделни закони стануваат прекршоци, така што соодветните кривично-правни одредби се менуваат и тоа:

1) Во Законот за „Партизанската споменица 1941", од 25 мај 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 43/46)

Членот 8 се менува и гласи:

„Тој што неовластено носи „Партизанска споменица 1941",

ке се казни со парична казна до 5.000 динари или со затвор до триесет дена."

2) Во Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија, од 21 јуни 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/46)

Членот 26 се менува и гласи:

„Тој што противно на прописите од овој закон не пријави основање на политичка партија или здружение, или не пријави одржување собор или друго јавно собрание, како и тој што учествува во работа на здружение чие што основање не е дозволено,

ке се казни со парична казна до 5.000 динари или со затвор до триесет дена."

3) Во Законот за таксите, од 19 август 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 68/46)

Членот 21 се менува и гласи:

„За прекршоците од членот 18 надлежен е повереникот за финансии на надлежниот околиски, градски (реонски) народен одбор; за прекршоците од членот 19 точка 1 и 3 надлежен е непосредниот старешина на извршителот на делото, а за прекршоците од членот 19 точка 2 органот што ја наредил ревизијата. За прекршоците од членот 20 надлежен е повереникот за финансии на надлежниот околиски, градски (реонски) народен одбор на чие што подрачје е употребен документот."

4) Во Законот за ордените и медаљите на Федеративна Народна Република Југославија, од 30 октоври 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 88/46)

Членот 19 се менува и гласи:

„Тој што носи неовластено орден или медаља на Федеративна Народна Република Југославија,

ке се казни со парична казна до 5.000 динари или со затвор до триесет дена."

5) Во Законот за даноците, од 26 декември 1946

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 105/46)

Членот 39 се менува и гласи:

„Ке се казни со парична казна до 50.000 динари:

1) лицето кое ги употреби стоките, чии што промет е ослободен од плаќање данок, или за кои што е платен данокот по пониска стопа за други цели

а не за целта поради која што е прометот ослободен од данокот односно поради која што е платен данок во пониска стопа;

2) лицето кај кое што ке се најдат стоки без прописен одбележок или потврда ако е пропишано дека одбележокот или потврдата служи како доказ за платениот данок;

3) лицето што при вршењето на прометот не ке употреби даночни марки или даночни хартии од вредност во случаи кога е прописано данокот да се плаќа со употреба на даночни марки односно даночни артии од вредност, а не го плати данокот ни во готови пари.

Покрај лицата од ставот 1 од овој член со иста казна ке се казни и нивниот застапник ако самиот сторил некое од делата споменати во претходниот став или учествувал во нивното извршување.

Ако ги извршат делата од ставот 1 од овој член застапниците на лицата што се под старателство или под родителска власт, ке се казнат со предвидената казна само тие застапници.

Во нарочно тешки случаи за делата од ставот 1 на овој член, сторителот ке се казни со парична казна до 200.000 динари."

6) Во Општиот закон за заштита на шумите од пожар, од 1 април 1947

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 29/47)

Членот 29 се менува и гласи:

„Ке се казни со парична казна до 5.000.— динари или со затвор до триесет дена:

1) тој што в шума, во времето кога е тоа воопшто забрането поради силен ветер, пали отворен огон или го пали во затворени простории без нарочна внимателност и надзор над огнот (член 6);

2) тој што во забран пали или во нив внесува огон или тој што пали огон во трупишта, шупливи стебла и на пењушки;

3) тој што во време на суша, кога министерот на шумарството на народната република тоа го забрани, пали и внесува огон в шума или на определена далечина од работ на шумата (член 11)."

Членот 31 се менува и гласи:

„Сопственикот на шумата што не ке постапи по прописите од овој закон кога мора да работи или кој што не ке ги преземе сите потребни мерки за заштита на шумата од пожар,

ке се казни со парична казна до 5.000.— динари или со затвор до триесет дена."

Членот 32 се менува и гласи:

„Казните за делата од членот 27, 28, 29 и 31 ги изречува повереникот на внатрешните работи на територијално надлежниот околиски народен одбор.

Постапката по делата од оваа глава е итна."

7) Во Општиот закон за ловот, од 3 декември 1947

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 105/47)

Членот 18 се менува и гласи:

„Со парична казна до 3.000.— динари или со затвор до петнаесет дена ке се казни:

1) тој што лови без дозвола за лов;

2) тој што ке ја отстапи дозволата за лов на друг;

3) тој што лови на државното ловиште или на ловиште на некоја друга ловциска организација, ако нема дозвола за тоа;

4) тој што пречи намерно да се исполни планот на ловот;

5) тој што намерно поднесува неточни податоци за ловот и состојбата на дивечот на ловиштето.

Ако прекршокот што е определен во претходниот став има потешки последици на сторителот може да му се одземе дозволата за лов за определено време или трајно."

8) Во Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, од 21 јануари 1950

(„Службен лист на ФНРЈ" бр. 10/50)

Членот 125 се менува и гласи:

„Со парична казна до 5.000.— динари или со затвор до триесет дена ке се казни за прекршок раководителот односно старешината на претпријатие или на установа, лекар или друго одговорно лице односно приватниот работодател, кој што:

1) не даде брза медицинска помош на осигуреник што претрпел несреќа во работењето или не превземе мерки да се даде таа помош, или не поднесе во прописаниот срок пријава за несреќниот случај на работата;

2) не дава на осигуреникот потребна медицинска помош, иако можел и бил должен тоа да го стори;

3) намерно го пречирува правото на осигуреникот или овозможува да се користат со правата лицата што немаат право на нив:

4) склучи договор чии што одредби се во спротивност со прописите за социјалното осигурување;

5) не води или нередно ги води прописаните евиденции за осигурениците или не поднесе во определениот срок или нередно поднесе прописани пријави и податоци;

6) противправно ке одбие на органите што се надлежни за работите на социјалното осигурување да им даде потребни податоци, или дава неточни податоци и известија за осигурениците или спречи извид на самото место, или преглед на работните книги или на евиденцијата доколку се однесуваат до работите во врска со социјалното осигурување, или намерно прави други пречки или пречки за правилно функционирање на работите од социјалното осигурување."

(2) Одредбите од ставот 1 од овој член важат од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик.

V. ВРЕМЕНИ ИЗМЕНУВАЊА ВО ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Член 24

(1) Додека не се донесе закон за изменувања и дополнувања на Законот за кривичната постапка, во тој закон се вршат следни изменувања:

1) После членот 17 се додава нов член 17а кој што гласи:

„Што се однесува до исклучувањето на кривичното гонење за лицата што уживаат право на екстериторијалност во Федеративна Народна Република Југославија важат правилата од меѓународното право.

Ако се сомнева дали се работи за лица од ставот 1 од овој член, задолжително објаснение дава Министерот на правосудието на ФНРЈ."

2) Членот 20 точка 1 се менува и гласи:

„Околиските судови се надлежни:

1) да судат во прв степен за сите кривични дела за кои може по законот да се изрече најмногу пет години строг затвор или некоја поблага казна, доколку со законот не е инаку пропишано".

3) Членот 21 се укинува.

4) Членот 22 точка 1 се менува и гласи:

„Окружните судови се надлежни:

1) да судат во прв степен за сите кривични дела за кои може по законот да се изрече потешка казна од пет години строг затвор, доколку со законот не е пропишано инаку."

5) Членот 50 ставот 2 се менува и гласи:

„Обвинетиот мора секогаш да има бранител кога му суди во прв степен окружниот суд. Ако суди во прв степен околискиот суд, обвинетиот мора да има бранител ако е малолетен, нем, глув или тешко болен или има други разлози поради кои што по оцена на судот не е во можност самиот да се брани, како и во случај на членот 206 став 1 од овој закон."

6) Членот 106 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако е во прашање кривично дело за кое што во законот е пропишана парична казна или казна затвор до една година, јавниот обвинител може да поднесе обвинителен предлог и без да се спроведе иследувањето ако има достаточно податоци за кривичното дело и за сторителот."

7) Членот 123 ставот 2 се менува и гласи:

„За кривичните дела за чие што судење е надлежен околискиот суд иследувањето се завршува со извидот."

8) Во членот 165 ставот 1 се додава нова точка 4 која што гласи:

„4) Верски исповедник за она што му го исповедил обвинетиот."

9) Членот 206 ставот 2 се менува и гласи:

„За кривично дело за кое што во законот е пропишана парична казна или казна затвор до една година на обвинетиот може да му се суди во отсуство, ако е повикан уредно а судот најде дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување состојбата на фактите."

(2) Одредбите од ставот 1 од овој член важат од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик.

Член 25

До донесувањето на законот за изменувања и дополнувања на Законот за воените судови, во членот 8 на крај на точката 1 од тој закон наместо точка и запирка се става запирка и се додаваат зборовите:

„како и за кривичните дела што ке ги сторат лицата на работа во воените установи и воените претпријатија, ако го бараат тоа интересите на народната одбрана."

Член 26

(1) Ако првостепениот суд изрекол пресуда што не станала правносилна, стварната надлежност се определува по досегашните прописи. Ако со одлука од повисок суд е укината пресудата од пониискиот суд, предметот ке се упати на нов претрес до судот што е надлежен по членот 24 од овој закон.

(2) Ако веќе е поднесен обвинителен акт пред судот што е надлежен по досегашните прописи, тој ке важи и пред судот што е надлежен по членот 24 од овој закон.

VI. ОДДЕЛНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Од денот на влегувањето во сила на Кривичниот законик правните последици што биле по прописите што постоат сврзани за казната губиток на граѓанските права, се сврзуваат за казната ограничение на граѓанските права.

Член 28

Во Законот за избирачките списоци од 17 јули 1946 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 58/46) членот 4 се менува и гласи:

„Немаат избирачко право:

1) лицата што се осудени со правносилна судска пресуда на губиток на граѓанските права, односно на ограничение на граѓанските права, додека трае таа казна;

2) лицата што се потполно лишени од работната способност со правносилна одлука од судот."

Член 29

Во Законот за давање амнестија и помилувања, од 2 ноември 1946 („Службен лист на ФНРЈ" број 89/46) во членот 2 се додава втор став кој што гласи:

„Постапката за помилување со кое што се дава ослободување од кривичното гонење може да се започне само по службена должност."

Член 30

Во Основниот закон за односите на родителите и децата, од 1 декември 1947 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 104/47) се вршат следни изменувања:

1) Членот 14 се менува и гласи:

„Ако еден од родителите умрел или не е познат, или е лишен од родителското право, или е лишен од работната способност, родителското право му припаѓа на другиот родител."

2) Членот 32 ставот 3 се менува и гласи:

„Родителот што е лишен од родителското право не се ослободува од должноста за издршка на детето."

Член 31

Во Законот за државните службеници, од 7 мај 1948 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 44/48) со изменувањата и дополнувањата од 5 јануари 1949 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 4/49) се вршат следни изменувања:

1) Членот 42 точка 3 се менува и гласи:

„3) по пресуда од дисциплинскиот суд."

2) Во членот 50 се брише точката 6.

3) Членот 89 ставот 1 се менува и гласи:

„По пресуда од редовниот суд службата престанува кога ке биде службеникот осуден на казна која повлечува губиток на државната служба."

4) Во членот 91 ставот 4 првата реченица се менува и гласи:

„Престанокот на службата по пресуда од дисциплинскиот суд настапува со денот на правносилноста на пресудата"

Во истиот член ставот 5 втората реченица се менува и гласи:

„Во случај на престанокот на службата по пресуда од дисциплинскиот суд службеникот мора да се разреши веднаш штом ке стигне обавеста за правносилноста на пресудата."

5) Во членот 91а ставот 2 петтиот ред се бришат зборовите „редовен или".

Член 32

Во Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, од 21 јануари 1950 („Службен лист на ФНРЈ" бр. 10/50) се вршат следни изменувања:

1) Членот 83 ставот 2 се брише.

2) Членот 87 ставот 2 првата реченица, се менува и гласи:

„На осигуреникот што е осуден на казната строг затвор или на казна затвор подолга од шест месеци му се прекратува додека ја издржува казната уживањето на оние права што му припаѓаат врз основа на социјалното осигурување."

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Се овластува Министерот на правосудието на ФНРЈ да донесува напатствија за спроведувањето на овој закон.

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У. бр. 328
28 февруари 1951 година
Белград

Президиум на Народната скупштина
на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничиќ, с. р.

Претседател,
др Иван Рибар, с. р.

121.

По укажана потреба а врз основа на чл. 5 од Царинскиот закон, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВОРАЊЕ ЦАРИНАРНИЦА СО СЕДИШТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

1) Се отвара царинарница со седиште во Гевгелија.

2) Се укинува Царинскиот оддел на Скопската царинарница со седиште во Гевгелија.

Бр. 4646
13 февруари 1951 година
Белград

Министер на надворешната трговија,
на ФНРЈ,
инж. Милентије Поповиќ, с. р.

Претседателството на Владата на ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст утврди дека во текстот на Уредбата за социјалното осигурување на воените лица и на припадниците на Народната милиција, што е објавен во „Службениот лист на ФНРЈ" бр. 7 од 7 февруари 1951 година, се поткрала долу наведената грешка, и дава следна

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ЛИЦА И НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАРОДНАТА МИЛИЦИЈА

Во чл. 1 ст. 1 на почетокот, наместо зборовите: „Активните офицери" треба да стои: „Активните подофицери".

Од Претседателството на Владата на ФНРЈ, 12 февруари 1951 година.

Советот за земјоделство и шумарство на Владата на ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст, установи дека во текстот на Решението за земјоделските производи што ке ги испорачуваат селанските работни задруги во 1951 година и за начинот на испорачката на тие производи, објавен во „Службениот лист на ФНРЈ" бр. 7 од 7 февруари 1951 година, се поткрала долу наведената грешка и дава следна

ИСПРАВКА

НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ШТО КЕ ГИ ИСПОРАЧУВААТ СЕЛАНСКИТЕ РАБОТНИ ЗАДРУГИ ВО 1951 ГОДИНА И ЗА НАЧИНОТ НА ИСПОРАЧКАТА НА ТИЕ ПРОИЗВОДИ

Во точ. 1 под а) треба да се ставаат зборови „и ориз" во заградата, така тој ред да гласи:

„а) житарици (и ориз);"

Бр. 813. — Од Советот за земјоделство и шумарство на Владата на ФНРЈ, 22 февруари 1951 година.

УКАЗИ

Врз основа на чл. 74 точ. 10 од Уставот на ФНРЈ, а по предлог од Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ АМБАСАДОР НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ФРАНЦИЈА

Се назначува за амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Франција Срѓа Прица помошник на Министерот на надворешните работи.

Министерот на надворешните работи ке го изврши овој указ.

У. бр. 243
14 февруари 1951 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничиќ, с. р.** Претседател, **др Иван Рибар, с. р.**

Врз основа на чл. 74 точ. 10 од Уставот на ФНРЈ а по предлог од Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ОПОВИКУВАЊЕ НА МАРКО РИСТИЌ ОД ДОЛЖНОСТА НА АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО ФРАНЦИЈА

Се оповикува од својата досегашна должност Марко Ристиќ, амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Франција.

Министерот на надворешните работи ке го изврши овој указ.

У. бр. 242
14 февруари 1951 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар **Миле Перуничиќ, с. р.** Претседател, **др Иван Рибар, с. р.**

Врз основа на чл. 74 точ. 10 од Уставот на ФНРЈ, а по предлог од Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО АВСТРИЈА

Се назначува за вонреден пратеник и полномошен министер на Федеративна Народна Република Југославија во Австрија Виктор Репич, политички претставник на ФНРЈ во Австрија.

Министерот на надворешните работи ке го изврши овој указ.

У. бр. 254
15 февруари 1951 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничиќ, с. р.** Претседател, **др Иван Рибар, с. р.**

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

НАРОДНЕ НОВИНЕ
СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине", службен лист на Народна Република Хрватска во бројот 66 од 28 декември 1950 година немаат службен дел.

Во бројот 1 од 1 јануари 1951 година објавуваат:

Указ за помилување на осудените лица;

Решение за распоредување на вината по групи според видовите на вината;

Решение за накнада на имателите на теретните моторни возила при испраќањето на нивните возила на работа вон од подрачјето на нивната редовна работа.

Во бројот 2 од 8 јануари 1951 година објавуваат:

Уредба за стручните совети при органите на Владата на Народна Република Хрватска;

Уредба за укинување Комисијата за кинематографија при Владата на Народна Република Хрватска;

Правилник за наставата на природно-математичкиот факултет на Свеучилиштето во Загреб;

Решение за назначување вешти лица во постапката за поништување извршеното плаќање по Уредбата за меѓусобното плаќање во стопанството.

Во бројот 3 од 11 јануари 1951 година објавуваат:

Указ за свикување Саборот на Народна Република Хрватска;

Уредба за управувањето со националните паркови;

Наредба за задолжителна пријава на запасите на папир, мукава и лепенка;

Наредба за задолжително превозење производи на шумарството и на дрвната индустрија.

Во бројот 4 од 15 јануари 1951 година објавуваат:

Правилник за работа на Саборот на Народна Република Хрватска;

Решение за винородните подрачја.

Во бројот 5 од 18 јануари 1951 година објавуваат:

Решение за висината на додатокот на гориво и мазиво на дозволените норми на трошењето во зимата.

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 1 од 2 јануари 1951 година објавува:

Указ на Президиумот на Народната скупштина на Народна Република Србија за свикување на Народната скупштина на Народна Република Србија во VIII редовно заседание;

Уредба за времето финансирање на државните потреби на Народна Република Србија за периодот јануари—март 1951 година;

Решение за употребата на обрасците во изборната постапка;

Решение за паричните норми на нужно трошење на земјоделските производи;

Правилник за дополнување на Правилникот за бележење против коремен тифус и паратифус.

Во бројот 2 од 14 јануари 1951 година објавува:

Указ за прогласување места за градови во состав на околија;

Указ за распишување општи избори за поодделни месни народни одбори;

Правилник за извршување на Законот за рибарството.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 1 од 12 јануари 1951 година објавува:

Одлука за избор Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија;

Закон за забрана да се носи зар и фереџа;

Закон за пошумување;

Закон за државните архиви;

Уредба за укинување Комисијата за кинематографија при Владата на Народна Република Македонија;

Уредба за основањето, задачите и работењето на стопанското здружение на кинематографските претпријатија;

Уредба за пожаро-предпазните мерки во стопанските претпријатија и установи;

Правилник за држење и чување запаливи течности во индустриски и други претпријатија;

Решение за оквирните стопи на режијата за поодделни видови и категории на угостителски дуќани на државните угостителски претпријатија од републичко и локално значење.

СОДРЖАЈ:

Страна

120. Уводен закон за Кривичниот законик — — 165
121. Решение за отворање царинарница со седиште во Гевгелија — — — — — — — — — 170

Исправка на Уредбата за социјалното осигурување на воените лица и припадниците на Народната милиција — — — — — — — 171

Исправка на Решението за земјоделските производи кои што селанските работни задруги ке ги испорачуваат во 1951 година и за начинот на испорачката на тие производи 171

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград Бранкова ул. бр. 20.
— Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Бранкова бр. 20.—
Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград